# *Висина на стапка на казнена и договорна камата од 01.01. - 31.12.2026 година*

| Видови договори | | Законска казнена камата во % | | Договорна казнена камата во % | | Договорна камата во % | | Кога не е определена стапката % | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | за обврски во денари | за обврски во девизи | за обврски во денари | за обврски во девизи | за обврски во денари | за обврски во девизи | за обврски во денари | за обврски во девизи |
| • трговски договори и договори помеѓу трговци и лица на јавно право | 01.01-30.06 | 14 | 11.939 | 21 | 17.9085 | 21 | 17.9085 | 7 | 5.9695 |
| | 01.07-31.12 | 14.25 | 12.201 | 21.375 | 18.3015 | 21.375 | 18.3015 | 7.125 | 6.1005 |
| • договори во кои барем едното лице не е трговец односно е физичко лице | 01.01-30.06 | 12 | 9.939 | | | 12 | 9.939 | 4 | 3.313 |
| | 01.07-31.12 | 12.25 | 10.201 | | | 12.25 | 10.201 | 4.083 | 3.400 |
| • други видови облигациони односи (причинување штета, работодавство без налог, стекнување без основ, еднострани изјави на волја и други облигациони односи утврдени со посебни закони, како на пр. издршката) | 01.01-30.06 | 12 | 9.939 | | | | | | |
| | 01.07-31.12 | 12.25 | 10.201 | | | | | | |

**Забелешка:** Како лица на јавното право се сметаат лицата кои се обврзани да постапуваат според постапката за јавни набавки, освен трговците.

## ЗАКОНСКА КАЗНЕНА КАМАТА

Согласно **член 266-а** од Законот за облигациони односи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/01...209/24), законската казнена камата се утврдува кога референтната стапка што ја објавува Народна банка на РСМ на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, ќе се зголеми за **10 процентни поени** во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за **8 процентни поени** во договорите во кои барем едното лице не е трговец (за граѓани).

Кога паричната обврска е изразена или определена во странска валута, казнената камата се определува за секое полугодие во висина на **едно-месечната стапка на Еурибор за евра** што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, **зголемена за 10 процентни поени** во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното пра-во, **односно зголемена за 8 процентни поени** во договорите во кои барем едното лице не е трговец (за граѓани).

Согласно објавата на НБРСМ референтната стапка за за период **01.01. - 30.06.2026 година изнесува 4%, а за период 01.07 - 31.12.2026 година изнесува 4,25%.**

**Стапката на Еурибор на 31.12.2025 година е 1,939%, а на 30.06.2026 година е 2,201%.**

## ДОГОВОРНА КАЗНЕНА КАМАТА

Во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право може да се договори и повисока стапка од стапката на законската казнена камата што важела на денот на склучување на договорот, но **максимум до 50% повисока од утврдената законска казнена камата.**

## ДОГОВОРНА КАМАТА

Според **член 388** од Законот за облигациони односи, договорната камата во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право се определува договорно, но не повисока од стапката на законската казнена камата од член 266-а зголемена максимум за 50%. Договорната камата во договорите меѓу лица од кои барем едното не е трговец, не може да биде повисока од стапката на законската казнена камата за соодветната валута што важела на денот на склучувањето на договорот, односно на денот на промената на каматната стапка, ако е договорена променлива каматна стапка.

## КОГА НЕ Е ОПРЕДЕЛЕНА СТАПКАТА

**Ако плаќањето на камата е договорено, а не е определена нејзината стапка,** во договорите меѓу лицата од кои барем едното не е трговец се применува каматна стапка во висина **од 1/3 од стапката на законската казнена камата** за соодветната валута, а во трговските договори или договорите меѓу трговци и лицата на јавното право се применува каматна стапка во висина **од 1/2 од стапката на законската казнена камата,** за соодветната валута.